Истражување: Потреби на Младите на локално ниво

# Младински локални банки



Младите можат

Младински
локални
банки

ЕУ со ТЕБЕ

Ко-финансирано од
Европска Унија

**Издавач:**
Здружение на граѓани Младите можат

**За издавачот:**
Анита Николовска
Извршен директор на Здружение на граѓани Младите можат

**Автор:**
Милош Јованов

**Дизајн:**
Дамјан Лозановски

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Ставовите и коментарите изразени во истата, се одговорност на авторите и не ги изразува ставовите на Европската Унија.

# Содржина


Вовед 4
За Младите можат 6
Зошто младинско учество? 7
Цел и методологија на истражувањето 9

**Општина Крива Паланка 11**

Волонтирање и граѓански активизам 12
Предизвици во општината 22
Младински политики и застапување 29
Предизвици на младите 34
Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади 39
Младите во време на Ковид 19 пандемија 42

**Општина Центар 48**

Волонтирање и граѓански активизам 49
Предизвици во општината 58
Младински политики и застапување 65
Предизвици на младите 70
Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади 75
Младите во време на Ковид 19 пандемија 78

# Вовед

**„Идентификувај — Инспирирај — Делувај“** – пристап кон младинските проблеми по кој Младите можат е позната и на основа на кој до сега се имплементирани голем број успешни проекти. Во текот на 2021г. Младите можат за првпат го воведува концептот на Младински локални банки во три локални заедници во нашата земја, општините Карпош, Аеродром и Ѓорче Петров. Успешноста на првото издание на овој проект, не поттикна да продолжиме да го развиваме концептот и во други локални заедници, па така оваа 2022г. ја спроведуваме програмата Младински локални банки и во општините Крива Паланка и Центар. Овој пристап директно опфаќа решавање на идентификуваниот проблем на овој проект. Преку овој пристап, младите ќе започнат да бидат активни во своите локални заедници, ќе се запознаат со работата на локалните власти, ќе генерираат решенија за предизвиците во своите заедници и ќе придонесат за нејзин развој.

Преку програмата **“Младински локални банки”** се очекува да се воспостави систем кој ќе ги поддржува иницијативите на младите засновани на локалното младинско лидерство на поодржлив начин. Проектот има за цел да создаде механизам за соработка помеѓу властите и младите, што резултира со државно финансирање на младински проекти. Целиот процес за основање ќе трае во текот на 2022 година и за тоа време директно ќе им овозможи на 20 учесници да дејствуваат како креатори на промени во нивните заедници, во општините Центар и Крива Паланка. Со обезбедување пристап и видливост до секојдневното функционирање на локалната власт, младите кои ќе бидат вклучени ќе станат уште помотивирани, вклучени и ќе развиваат начини на размислување со доза на одговорност и отчетност кон заедницата. Проектот се очекува да биде пример за придонес кон локалните заедници со намера да продолжат да се развиваат и во други општини низ целата земја.

Младински банки се фондови предводени од младите кои обезбедуваат средства за поддршка на проекти креирани од млади луѓе кои се фокусираат на решавање на одреден проблем во локалната заедница. Преку банките за млади, младите се чувствуваат исполнето - ги реализираат своите идеи и потенцијал, ја подобруваат средината во која живеат. Младинските банки им помагаат на младите да развијат чувство на припадност кон заедницата во која живеат - тие се оние што преку свои иницијативи организираат паркови во нивните општини, градат игралишта, поставуваат клупи, садат дрвја, организираат обуки, спортски настани, улични фестивали и разни помали и поголеми настани. Младинските банки се иновативен модел и програма за создавање грантови кои овозможуваат финансирање на локални

акции од неформални младински групи за промовирање на заедницата. Младите одлучуваат какви активности да поддржат, тие управуваат со моделот и младите имаат корист од спроведените проекти. Преку моделот на младински банки, се дели одговорноста и отчетноста, се донесуваат одлуки за распределување на ресурсите во рацете на младите кои делуваат филантропски, премостуваат поделби, преземаат лидерски улоги и на тој начин го поттикнуваат нивниот активистички дух.

**„Младински локални банки“**, е програма во рамки на проектот “All for You(th)!” кој Здружението на граѓани Младите можат го имплементира, а е поддржан од Европската комисија.

# За Младите можат

**Младите можат** е здружение на граѓани, формирано од млади за млади на 28 мај, 2009 година во Скопје. Постоиме 12 години и броиме над 60 активни членови и над 2000 млади луѓе кои биле дел од нашите активности, кои придонесуваат во работата на организацијата.

Постоиме за да им овозможиме на младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои веруваат дека МОЖАТ самостојно или здружено да учествуваат и влијаат во позитивните промени и развојот во општеството. Веруваме дека младите луѓе можат да земат активно учество во развојот на своите заедници и преку младински и социјален активизам како моќни алатки за општествена промена можат да одговорат на своите потреби во заедницата.

Цели во кои веруваме и ги застапуваме се: зголемување на свеста кај младите луѓе за активно граѓанство; давање можности на младите луѓе за реализација на младински иницијативи и креативно изразување на нивните мислења и ставови; иницирање на личен развој на младите луѓе преку младинска работа и неформално образование и промоција на човекови права и слободи на младите луѓе.

# Зошто младинско учество?

Граѓанското учество како концепт е суштинска компонента на едно здраво демократско општество. Ангажираното граѓанство, односно граѓаните кои се активно вклучени во подобрувањето на своите заедници и својата држава се од огромна корист за граѓанското општеството и главен показател за здрави заедници, демократска држава и задоволни граѓани.

Врската помеѓу граѓанското учество и социјалната вклученост е особено важна за маргинализираните групи, како на пример етничките малцинства и особено младите, кои често се опишувани како апатична, неангажирана и социјално исклучена група.

Младите се фактор за промени, потенцијал за кој треба да се охрабрува и поддржува, пред се од нивните општества. Затоа, нивната улога во денешните општества е од големо значење за демократските процеси, па заради тоа нивното оспособување, развој и подготвеност се од клучно значење. Во Република Северна Македонија младите сочинуваат 17% од целото население, или поточно 326.733 жители од вкупно 1.836.713 на возраст од 15-29 години.[1] Во Република Северна Македонија не постои организиран и системски пристап во подршка на младинското учество, додека прашањата на младите се адресираат од различни институции на национално и локално ниво.

Младинското учество го дефинира пред се односот помеѓу младите и институциите односно донесувачите на одлуки. Оттаму младинското учество подразбира вклучување на младите во процеси на носењето на одлуки кои се од клучно значење за нив, активно учество на младите со генерирање на идеи и предлози за унапредување на положбата на младите во општеството, како и активно граѓанство и придонес во заедницата од страна на младите.

Меѓутоа активното учество самото по себе не подразбира само вклучување во одредена активност, туку тоа е процес во кој младите ги идентификуваат своите потреби, бараат решенија, планираат и имплементираат активности и имаат можност да носат одлуки во своите заедници и општеството во целина.

**1:** Официјален податок според Државен завод за статистика – www.stat.gov.mk

Во јануари 2020 година, за првпат во нашата држава се донесува првиот Закон за младинско учество и младински политики[2], со кој се регулираат одредени младински прашања. Со овој закон за првпат се дефинира категоријата млади во државата, се дефинираат формите на младинско учество и претставување, младинското учество, политиките и сервисите за млади. Од друга страна, фактот дека во април 2022 година се уште не се преземени значителни чекори за негова имплементација, укажува дека воспоставувањето на законска рамка за регулирање на младинските прашања не е доволно. Имајќи ги на ум наведените состојби, неопходно е да се работи напорно за да се подобри положбата на младите на локално и национално ниво и да се овозможат услови за вистинско младинско учество.

**2:** Закон за младинско учество и младински политики – www.zakonzamladi.ams.gov.mk

# Цел и методологија на истражувањето

Актуелната ситуација со младите на локално ниво, ја поттикна потребата да се добијат конкретни податоци за вклученоста на младите во процесите на донесување одлуки и нивното учество во општествените текови на локално ниво. Во таа насока, Здружение на граѓани Младите можат спроведе истражување во општините Крива Паланка и Центар во периодот март – април 2022, користејќи два пристапи:

1. **Квалитативен пристап преку спроведување на фокус групи**
2. **Квантитативен пристап преку спроведување на онлајн анкети и теренски анкети**

Преку квалитативниот пристап беа спроведени вкупно 2 фокус групи, по една во општините Крива Паланка и Центар. Фокус групите беа одржани онлјан преку апликацијата Zoom.

Вкупно 9 млади, жители на општината Крива Паланка учествуваа на фокус групата, од кои 5 се мажи, а 4 жени.

Во одржаната фокус група во општината Центар учествуваа вкупно 8 млади, од кои 3 се мажи, а 5 жени.

Преку квалитативниот пристап од вкупниот број млади луѓе во општина Крива Паланка, на возраст од 15 до 29 години кој изнесува 3 193, беше дизајниран примерок според застапеност на млади луѓе од општината. Статистичката грешка на испитаниците во сите општини е +/- 7% со ниво на доверба 95%. Со онлајн истражување во општината Крива Паланка се опфатија вкупно 164 испитаници, од кои 82 (50.0%) беа мажи и 82 (50.0%) беа жени. Во општината Центар, од вкупниот број на млади луѓе кој изнесува 8 627, беше дизајниран примерок според застапеност на млади луѓе од општината. Со теренското истражување во општината Центар се опфатија вкупно 152 испитаник, од кои 79 (52.0%) беа мажи и 73 (48.0%) беа жени.

Анализата на спроведеното истражување ги сумира резултатите од квалитативната анализа (фокус групи) и квантитативната анализа (онлајн истражување) во двете општини, во 6 области и тоа:

1. **Волонтирање и граѓански активизам**
2. **Предизвици во општината**
3. **Младински политики и застапување**
4. **Предизвици на младите**
5. **Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади**
6. **Млади во време на Ковид 19 пандемија**

# Општина Крива Паланка

# Волонтирање и граѓански активизам



Општина Крива Паланка — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Прва тема за младите учесници од Крива Паланка се однесува на нивната вклученост во процесот на волонтирање како и нивните почетоци и придобивки од процесот на волонтирање. Сите учесници досега имаа волонтирано. Најголемиот дел од учесниците волонтирале односно учествувале на еко акции во нивната општина, а помал дел од нив и во други општини. Вклучувањето во овој процес најчесто е преку граѓанските организации, а нивните почетоци се од средно училиште.

Најчесто спомнувани причини кои ги мотивираат младите за вклучување се: проширување на видиците, стекнување искуство, придонес кон заедницата, запознавање на нови луѓе и пополнување на слободното време.

> Самиот придонес, искуство и можноста за вонншколски активности ме прави да се чувствувам убаво

Женско, 21 година

## Квантитативна анализа

Според добиените податоци во Крива Паланка, секој петти (22.6%) испитаник во моментов е вклучен во некоја организација или младински клуб. 40.9% во моментов не се, но некогаш порано биле вклучени во организација или клуб. 36.6% никогаш досега не биле вклучени во организација/клуб. (графикон 1)




графикон 1

Гледано низ призма на пол, во моменов вклучени се повеќе машките испитаници со 26,8% за разлика од женските 18.3%.




графикон 1.2

Младите кои не се вклучени/никогаш не биле вклучени во некоја организација или клуб беа запрашани кои се причините поради тоа. Во најголем дел од случаите младите кажале дека се занимаваат со други работи во слободно време (37.0%). Обврските на училиште/работа се «пречка» за 23.6% од младите, додека 16.5% одговориле дека никогаш не помислиле за таа можност. (графикон 2)

графикон 2




Младите се поделени во однос на ставовите за учество во волонтерска работа или активност. *Под волонтерска работа се подразбира доброволно давање услуги, знаења, вештини и/или вршење други активности во корист на други лица, организации, институции и сл. без надомест).

51.8% кажале дека некогаш имаат волонтирано, додека 48.2% никогаш досега немаат волонтирано.




графикон 3

Младите кои досега имаат волонтирано во најголем дел кажале дека по предлог на другар/ка се вклучиле во ваков процес (40%). Следна најчеста причина е нивната заинтересираност за областа во која волонтирале 32.9%. (графикон 4)

## Како започна да волонтираш?

графикон 4




Зборувајќи за причините коишто ги мотивираат младите да волонтираат, нешто повеќе од половина од испитаниците или 54.9% одговориле дека сакаат да им помогнат на луѓето и да ги подобруваат работите, додека пак 15.9% од испитаниците сакаат да запознаат луѓе или стекнат нови пријателства.

## Кои се причините што те мотивираат да волонтираш?

графикон 5



Младите според нивните одговори во огромно мнозинство можат да се замислат како волонтери во зеадницата. Имено 45.7% сигурно се гледаат во ваква улога, а 44.5% многу веројатно би биле волонтери.

## Ако не си волонтирал/а, а имаш можност и време, можеш ли да се замислиш како волонтер во заедницата?




графикон 6

Најчести области за волонтирање кои ги избираат младите се: заштита/грижа за бездомни/улични животни 20.9%, работа со деца и млади надвор од училиштето 18.2% и образование 12.2%.

## Во која од наведените области волонтираш/би сакал да волонтираш?

графикон 7



Вкрстени податоци на ова прашање покажуваат дека заштита/грижа за бездомни/улични животни се област во која би се насочиле испитаниците 20-29години со околу 25%, додека оние најмладите од 15-19години најчесто би волонтирале во работа со деца и млади (надвор од училиште) со 26.1%.

## Во која од наведените области волонтираш/би сакал да волонтираш?




графикон 7.2

Поделеност на испитаниците во однос на тоа во кој сектор би волонтирале. Државниот и граѓанскиот по 35.8%, додека приватниот го избрале 28.4%.




графикон 8

За средношколците најпривлечен е граѓанскиот сектор 44.8% од случаите, а за студентите најпривлечен е приватниот сектор со 33.9% од случаите. (графикон 8.2)




графикон 8.2

На прашањето на каков начин би волонтирале, евидентно е дека собирањето донации/спонзорства со 32.4% е најпривлечно за младите од Крива Паланка. Следуваат организација на настани 19.6% и пишување на проекти 13.5%.

## На каков начин најверојатно би волонтирал/а?

графикон 9



Во однос на фреквенцијата на волонтирање, најголем дел (39.2%) би волонтирале барем еднаш во неделата, а 27.7% би волонтирале неколку пати во месецот.

## Колку често волонтираш / би волонтирал/а?

графикон 10




Интересно е да се напомене дека според одговорите, женските испитаници се спремни почесто да волонтираат односно 48.1% од жените кажале дека би волонтирале барем еднаш во неделата за разлика од мажите кои во најголем дел 29.6% кажале дека би волонтирале неколку пати во месецот. (графикон 10.2)




На крај од оваа секција младите беа запрашани кои се според нив очекувани придобивки од волонтирањето. Мислењето на младите е поделено, односно 29.1% велат дека среќавањето луѓе и стекнувањето пријатели се главен мотив. 18.9% уживаат да помагаат и процесот на волонтирање ги прави несебични. 15.5% велат дека тоа е шанса за стекнување нови вештини/знаење. (графикон 11)

графикон 11


Задоволен/на сум кога ќе постигнам резултати/промена
(11.5%)
Добивам сертификат/ диплома
(0.7%)
Среќавам луѓе и стекнувам пријатели
(29.1%)
Ми ги зголемува шансите за вработување
(1.4%)
Кои се очекувани придобивки од волонтирањето?
Уживам да помагам/ ме прави несебичен/на
(18.9%)
Ми дава повеќе самодоверба
(2.7%)
Ги шири моите искуства во животот
(14.9%)
(15.5%)
Ми дава шанса да стекнувам нови знаења/вештини
(5.4%) Не сака да одговори

# Предизвици во општината



Општина Крива Паланка — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Младите се поделени во ставовите околу животот и презвиците на општина Крива Паланка. Дел од нив сметаат дека во рамки на општината има доволно можност за младите во сите сфери, додека останатите велат дека животот за млад човек во Крива Паланка е ограничен и дека во општината освен кафулиња и ресторани нема друго место каде би се собирале младите. Најголем дел од младите доколку имаат можност би се преселиле од општината и тоа во друга држава. Помалиот дел би останал во општината.

Работи кои најмногу им недостигаат се затворен базен, места каде би се дружеле, места за забава како и можности за вработување во приватниот сектор.

> Не само Крива Паланка,
> тука целиот регион има голем проблем
> со вработување на младите,
> поготово оние кои се квалификувани.

Машко, 20 години

## Квантитативна анализа

Младите од Крива Паланка беа прашани дали некогаш работеле индивидуално или во група за да решат некој проблем во нивната општина. Повеќе од половина од нив 56.1% никогаш не работеле во група со цел решавање на некој проблем во општината, додека 26.8% работеле на ваков проблем, но не во последните 12 месеци.

Дали некогаш си работел/а индивидуално, со друг или во група за да решиш/те некој проблем во твојата општина?




графикон 12

Графиконот 13 го покажува мислењето на младите во однос на тоа колку се задоволни од општината во која живеат. графикон 13




Според резултатите, (38.4%) делумно се задоволни од општината во која живеат, додека 26.2% се неутрални во однос на ова прашање. Многу задоволни се 17.1%, додека воопшто незадоволни се 6.7%.

Двете работи кои младите од општина Крива Паланка ги издвојуваат како позитивни се чистата животна средина 30.2% и парковите 10.4%.




графикон 14

Во однос на двете работи кои младите сакаат да се променат во нивната општина, се издвојуваат  повеќе можности за младите за вработување (15.0%) и повеќе спортски игралишта (8.5%). (графикон 15)




графикон 15

Најголемиот проблем во општината според младите во Крива Паланка е слабата економија и невработеноста во 42.7% од случаите. Следен проблем е недостаток на можности за млади луѓе во 31.1% од случаите.

графикон 16




Младите од Крива Паланка генерално сметаат дека лично малку можат да направат во однос на решавање на проблемите во нивната општина. 40.9% сметаат дека не можат да направат ништо, додека 34.8% сметат дека малку можат да направат нешто за решавање на проблемите. (графикон 17)

Размислувајќи за проблемите во твојата општина, колку сметаш дека ТИ лично можеш да промениш, односно да направиш нешто за да ги решиш?




графикон 17

Низ призма на возрасни категории може да се забележи дека најмладите 15-19години (49.1%) и оние од 25-29 (40.0%) години во најголема мера сметаат дека не можат да направат ништо. За разлика од нив возрасната група 20-24години во 42.9% од случаите смета дека малку може да направи нешто.




графикон 17.1

На испитаниците им беа понудени две изјави како надополнување на претходното прашање. 59.1% имаат лична одговорност да се ангажираат и да направат нешто за да го подобрат општеството, додека 40.9% сметаат дека подобрувањето на општеството е работа на други или на политичарите.




графикон 18

Трите најдобри начини за вклучување на младите од општината Крива Паланка, во општествените текови се преку организирани јавни настани (31.1%), преку граѓанска организација (25.6%) и преку социјалните мрежи (21.3%).

## Кој е најдобриот начин да ги вклучиш младите во твојата општина во општествените текови?




графикон 19

Најмладите од 15-19години со 22.6% сметаат дека преку социјалните мрежи најдобро се вклучуваат младите, додека оние од 20-29години сметаат дека најдобриот начин е преку организирани јавни настани. (графикон 19.2)

графикон 19.2




За крај на оваа секција младите беа запрашани дали би се отселиле од нивната општина и доколку да, каде би било тоа. 6.7% не би се отселиле, а веднаш би се отселиле 29.9%. (графикон 20)




Кога би можеле да одберат дали би се преселиле во друга општина или надвор од државата, најголем дел од испитаниците (84.1%) би се преселиле надвор од државата. (графикон 20.2)



# Младински политики и застапување



Општина Крива Паланка — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Учесниците од Крива Паланка не се воопшто запознаени со поимот младинска политика и Законот за младинско учество и младински политики.

Речиси сите учесници сметаат дека поимот младинска политика е поврзан со ангажирање, поттик и вклучување на младите, додека ниту еден од учесниците нема слушнато дека постои Закон за младинско учество и младински политики. Она што е евидентно е дека на оваа тема на младите им треба подобро информирање и запознавање. Околу застапувањето на младите и нивните ставови и идеи, само мал дел од учесниците се запознаени дека во рамки на општината постои буџет кој е наменет само за млади и дека постои работно тело кое ги опфаќа младинските политики.

> Донесување на закон за совети на млади, е многу добра можност да се вклучат младите во општеството и да придонесат со своите идеи и да работат за реализирање на своите потреби.

Машко, 23 години

## Квантитативна анализа

Во овој дел од истражувањето младите одговараа на прашања околу донесувањето на младинските политики.

Најпрво, огромни 82.9% од испитаниците не се запознаени со тоа што е младинска политика. Од оние кои одговориле дека знаат што е младинска политика, само 7.1% навеле пример кој е поврзан со младинска политика.




графикон 21

Графиконот 22 дава приказ на вклученоста на младите во носењето на одлуки во нивната заедница.



графикон 22

Речиси половина од испитаниците (45.7%) сметаат дека воопшто не се вклучени во процесите на носење одлуки во општината, додека само 17.7% сметаат дека донекаде се вклучени во носењето на одлуките на локално ниво.

Оние испитаници коишто сметаат дека воопшто не се вклучени во донесувањето на одлуките во општината Крива Паланка, беа прашани поради што не се вклучени. Најголем дел од нив односно 41.3% сметаат дека тоа е поради непостоењето на механизам за соработка помеѓу граѓаните и општината. Од друга страна, секој петти млад испитаник (20.0%), не се вклучува поради недоволно време.



графикон 23

Испитаниците исто така беа прашани дали некогаш учествувале во подготовка на програма или буџет за млади во рамки на општината каде што живеат. Големи 81.1% од испитаниците одговориле дека никогаш немале можност да учествуваат во ваков процес. 6.7% имаат учествувано, но не во последните 12 месеци.




графикон 24

Графикон 25 дава приказ на запознаеноста на младите со работата на локалните власти и распределбата на буџетот. Повеќе од половина 58.5% од испитаниците воопшто не се запознаени, а 20.7% делумно се запознаени.

Колку си запознаен/а со работата на локалните власти и распределбата на буџетот?




графикон 25

Од одговорите на младите може да се заклучи дека не се запознаени дали постои Закон за младинско учество и младински политики. Три четвртини од младите во Крива Паланка (75.6%) не се запознаени за ваков закон, додека 24.4% рекле дека се запознаени со ваков Закон. (графикон 26)




графикон 26

Слично како и на претходното прашање, младите од Крива Паланка не се информирани во 69.5% од случаите дали во нивната општина има формирано совет за млади согласно Законот за младинско учество и младински политики. Една четвртина од нив 25.6% кажале дека кај нив има формирано ваков совет.

## Дали во твојата општина има формирано совет за млади, согласно Законот за младинско учество и младински политики?




графикон 27

Младите исто така не се информирани во огромен дел (81.1%) дали општината има одвоено буџет за млади за тековната 2022година. Само 9.1% од нив рекле дека општина има одвоено буџет за млади.

## Дали согласно Законот за младинско учество и младински политики општината има одвоено буџет за млади за тековната 2022 година?




графикон 28

# Предизвици на младите



Општина Крива Паланка — Младински локални банки

### Квалитативна анализа

Најзначајни предизвици за младите учесници од Крива Паланка се непостоењето на велосипедска патека во општината, сообраќајниот метеж и бројот на возила поготово во централното градско подрачје. Младите исто така ги посочуваат и несовесните возачи дека дополнително го отежнуваат метежот со непрописно паркирање.

Како позитивен аспект се спомнуваат незагаденоста на воздухот и уредувањето на кејот покрај реката со справи за вежбање.

Една од работите која ја спомнаа речиси сите млади учесници е и проблемот со меѓуградскиот автобускиот превоз до Општината. Имено за младите од Крива Паланка ретките автобуски линии до околните села и поготово до останатите градови и градот Скопје ги прави да се чувствуваат отсечени и изолирани. Тие сметаат дека доколку се овозможат повеќе автобуски линии, поготово во пладневните часови, можностите за нив како млади луѓе ќе бидат значително зголемени.

> Проблем е превозот, има една-две линии од сабајле до Скопје и некогаш кога имам предавање до покасно, не можам да си дојдам дома со автобус и треба да плаќам такси.

Женско, 24 година

## Квантитативна анализа

Приоритети на младите од Крива Паланка на неколку категории кои директно ги засегаат се:

На тема вработување два најголеми приоритети, испитаниците ги издвојуваат недостаток на работни места 42.4% и дискриминација на работно место 16.1%. (графикон 29)




Од областа на инфраструктурата. Според испитаниците 18.4% сметаат дека преголемиот број на автомобили е најголем приоритет, како и лоша инфраструктура на улиците 17.2%. (графикон 30)



Приоритети за животната околина според младите се негрижа за уличните животни 26.4%, како и немање свест и лична одговорност за заштита на животната средина 21.2%. (графикон 31)




Два приоритети за младинско учество според испитаниците од општина Крива Паланка произлегуваат немање информации за можности 24.4 и недостаток на настани и програми за вклучување на младите 19.1%. (графикон 32)



Од областа на културата и спортот се издвојуваат непостоење на културни манифестации за млади 39.7% како и непостоење на културен центар 34.8%

Култура и спорт: ДВА приоритети



# Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади



Општина Крива Паланка — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Во однос на отвореноста на општината и поддршката за иницијатива од млади луѓе, само мал дел од учесниците се обиделе да делуваат и побараат помош од општината. Областите кои биле опфатени се меѓуетничка толеранција и грижа за бездомни животни. Тие сметаат дека овие иницијативи не биле доволно поддржани и не се постигнал саканиот ефект.

Сепак најголем дел од младите досега воопшто не се обиделе да поднесат иницијатива или на некој начин да се обидат да делуваат преку општината за релазација на некаква идеја. Она што е позитивно е што дел од учесниците велат дека општината одвојува дел од својот буџет само за млади лица и дека во рамки на општината постои тело составено од млади луѓе кои одлучуваат за иницијативи и распределба на средства.

> Постои буџет со 0.02% ако не се лажам. Иако звучи дека сумата е мала, тоа е буџет што може да реши одреден проблем за младите ако се искористат средствата на добар начин.

Машко, 25 години

## Квантитивна анализа

На прашањето дали општина Крива Паланка е отворена за иницијативи кои доаѓаат од млади луѓе, 56.1% одговориле дека не е отворена, а 43.9% одговориле дека општината е отворена за ваква иницијатива.




графикон 34

Различно е мислењето на средношколците и студентите на ова прашање. Средношколците во најголема мера 69.4% сметаат дека општината не е отворена за иницијативи од млади луѓе, додека студентите со 52.4% сметат дека општината е отворена за вакви иницијативи.




графикон 34.2

Во однос на дали сметаат дека општината финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе, испитаниците одговориле слично како на претходното. Имено 55.5% рекле дека општината ќе поддржи ваква иницијатива, а 44.5% рекле дека општината нема да поддржи ваква иницијатива.




графикон 35

# Младите во време на Ковид 19 пандемија



Општина Крива Паланка — Младински локални банки

### Квалитативна анализа

Вклученоста на младите во време на Ковид 19 пандемијата е на одлично ниво. Иако никој од младите учесници се нема лично вклучено во време на оваа пандемија, сепак сите учесници лично познаваат голем број на млади кои се вклучиле и помогнале во заедницата. Вклучувањето на младите во голема мера се одвивало преку организацијата Црвен крст, каде младите директно биле вклучени во испорака на храна, намирници и лекови за постари, изнемоштени и ковид позитивни лица.

Образованието во време на Ковид 19 пандемијата според младите во Крива Паланка е влошено. Најголем дел од учесниците велат дека нивото на образование е полошо, поготово во делот со онлајн наставата, а како проблем го издвојуваат и задолжителното носење на маски за време на наставата со физичко присуства. Помал дел од учесниците сметаат дека квалитетот е на исто ниво како и претходно.

> Онлајн наставата кај младите остави последици. Се научивме да гледаме во камера и да бидеме опуштени. Откако почна повторно наставата со физичко присуство, мене лично ми е многу тешко да бидам сконцентрирана повеќе од 45минути.
>
> Женско, 17 година

### Квантитивна анализа

Мислењето за младите од Крива Паланка за нивната вклученост од започнување на Ковид 19 пандемијата.

76.2% од младите не се вклучиле лично во волонтерски акции со цел помош на ранливи категории на граѓани во време на Ковид 19 кризата, додека 23.8% од младите се вклучиле во ваква акција. (графикон 36)




графикон 36

Запрашани дали генерално младите од општината се вклучиле во вакви волонтерски акции за време на Ковид 19 кризата, 44.5% одговориле позитивно, а 55.5% негативно. (графикон 37)

Дали младите од општината активно се вклучиле во волонтерски акции со цел помош на ранливи категории на граѓани во време на Корона кризата?




Во однос на нивната фрекфенција/честота на волонтирање во време на Ковид 19 дали се намалила, останала иста или се зголемила, испитаниците одговориле дека во 17.7% од случаите волонтираат поретко отколку претходно, а во 7.9% од случаите волонтираат почесто отколку претходно.




графикон 38

40.2% од испитаниците сметаат дека општината презема чекори за подобрување на состојбата на младите за време на Ковид-19 кризата, додека 59.8% од младите не се согласуваат со истото. (графикон 39)

## Дали општината презема чекори кон подобрување на состојбата на младите за време на Ковид-19 кризата?




Младите од општина Крива Паланка кажале дека во време на Ковид 19 кризата имаат потреба од општината најмногу за бесплатни можности за работилници/курсеви за развивање на вештини со 43.3%, како и бесплатни филмови/книги/серии за поминување на слободното време. (графикон 40)




графикон 40

# Демографски податоци за истражувањето во Крива Паланка




Етничка припадност




Возраст (категории)



## Последно завршено образование




## Занимање




## Населено место



# Општина
# Центар

# Волонтирање и граѓански активизам



Општина Центар — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Поголемиот дел од младите од општина Центар биле вклучени во процесот на волонтирање. Речиси сите кои волонтирале почнале уште во средношколските денови и најчесто се вклучувале преку граѓанските организации. Секторите кои најчесто се споменуваат се: финансиска помош кон лица на кои им е потребна, ментално здравје и музички настани. Сите учесници би продолжиле и во иднина со волонтерски активности. Како најважни придобивки за младите од овој процес се издвојуваат стекнување на вештини, запознавање на луѓе, комуникација со млади и добивање на диплома.

> Мислам дека секој човек барем еднаш во животот треба да волонтира и да се вклучи во вакви активности. Има многу бенефити. Пред се градејќи се себе си и градејќи ги своите вредности и каратер.

Женско, 21 години

## Квантитативна анализа

Според податоците од теренската анкета, речиси половина од испитаниците (47.4%) никогаш не биле вклучени. Во моментов 36.8% се вклучени во некоја организација или клуб.

графикон 1



Од вкрстените податоци може да се забележи дека најголем дел од машките испитаници (37.8%) никогаш не биле вклучени во некоја организација/клуб, додека најголем дел од женските испитаници (46.3%) во моментов не се, но порано биле вклучени.

графикон 1.2




Испитаниците коишто никогаш не биле вклучени или во моментов не се вклучени во некаква организација или клуб, најголемиот дел од нив (42.7%) рекле дека се занимаваат со други работи во нивното слободно време. Секој петти млад човек (21.9%) никогаш не помислил за таа можност. Останатите резултати се прикажани на графикон 2.

графикон 2



Кога станува збор за вклученоста на младите во волонтерски активности ситуацијата е следна. Никогаш немаат волонтирано 71.7% од испитаниците, додека 28.3% имаат досега волонтирано.




графикон 3

Испитаниците коишто имаат волонтирано, беа запрашани како започнале. Најголем дел од нив 25.6% биле заинтересирани за областа за областа во која волонтирале, а 23.3% биле приморани да волонтираат од училиште/семејство/работа. Останатите одговори се претставени на графикон 4.

Како започна да волонтираш?

графикон 4



Запрашани кои се причините заради коишто волонтираат, одговорите се следни: 27.9% од испитаниците волонтирањето го гледаат како шанса за стекнување нови знаења/вештини. За разлика од нив 20.9% волонтирале бидејќи сакале да помагаат на луѓето и да ги подобрат работите.




графикон 5

На графикон 6 е претставена фрекфенцијата на одговори дали доколку имаат можност и време младите можат да се замислат како волонтери во заедницата. Половина од испитаниците 52.3% одговориле дека сигурно не би волонтирале, додека 35.8% веројатно не би волонтирале.

Ако не си волонтирал/а, а имаш можност и време, можеш ли да се замислиш како волонтер во заедницата?

графикон 6




Кога станува збор за областите во кои младите би волонтирале, најголем дел од младите (20.9%) би волонтирале во заштита на животната средина, а 16.3% би помогале на стари лица. Останатите резултати се претставени на графикон 7.

графикон 7




Гледано низ призма на возрасни категории, најмладите испитаници 15-19години би сакале да волонтираат во работа со деца/млади, надвор од училиштето, додека за испитаниците од 20-29години најпривлечна област е заштита и грижа на бездомни/улични животни (околу 25%). (графикон 7.2)



Како најпривлечни сектори за волонтирање на младите од Центар се граѓанскиот 62.8%, потоа следува државниот 25.6% и приватниот 11.6%.




графикон 8

За средношколците најпривлечен сектор е граѓанскиот во 44.8% од случаите, а студентите се “поделени” во однос на секторот кој би го избрале т.е. приватниот и граѓанскиот сектор би го избрале 33.9% од испитаниците. (графикон 8.2)




Најпривлечни области за младите во однос на начинот на волонтирање е менторство и помагање на луѓе во 32.6% од случаите и водење и учество во кампања во 20.9% од случаите (графикон 9)




графикон 9

Во однос на фрекфенцијата на вклучување на младите во волонтерски активности, значително мал број на испитаници би волонтирале секојдневно (2.3%). За разлика од нив, најголем дел од испитаници би волонтирале неколку пати во годината (39.5%). (графикон 10)




Машките испитаници би волонтирале барем еднаш во неделата или неколку пати во месецот (по 29.6%). Женските испитаници најчесто би волонтирале барем еднаш во неделата (48.1%). (графикон 10.2)

## Колку често волонтираш / би волонтирал/а?

графикон 10.2

| | | |
|---|---|---|
| 11.3% | Секој ден | 3.9% |
| 29.6% | Барем еднаш во неделата | 48.1% |
| 29.6% | Неколку пати во месецот | 26% |
| 12.7% | Неколку пати во годината | 13% |
| 11.3% | Само еднаш/ еднократно | 7.8% |

На крај од секцијата за волонтирање, испитаниците беа прашани кои се според нив очекуваните придобивки од волонтирањето. Најголем дел од нив (20.9%) одговориле дека уживаат да помогаат и да бидат несебични и истиот процент на млади рекле дека им дава шанса да стекнат нови знаења/вештини. (графикон 11)

## Според тебе, кои се очекувани придобивки од волонтирањето?

графикон 11



# Предизвици во општината



Општина Центар — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Младите од Центар се поделени во однос на предизвиците за млади во општина Центар. Гледано на позитивната страна, местоположбата на општината и близината на градскиот парк се клучни за младите околу нивното задоволство. Исто така се напоменува и изградбата и одржувањето на училиштата во општина Центар. Две најважни работи кои треба да се подобрат според младите е стопирање на масовната урбанизација и населувањето во општина и подобрување на условите за живот на лицата со хендикеп и лицата со попреченост. Дел од младите во Центар не би се преселил никогаш од општината, дел би се преселиле во друга општина, а дел би се преселиле и во странство. Интересно е да се напомене и дека помал дел од младите се обиделе со иницијатива до општинските власти да влијаат и да променат дел од работите кои сметаат дека треба да се подобрат и нивните очекувања се дека општината во иднина ќе има јавни повици за ангажирање на млади во сите сфери.

> Треба да се разговара со лица од општината и да се лобира. Нам ни се потребни информации за што треба да се направи и како треба да се направи. Можеш да се бориш за граѓански цели, но треба да има место каде можеш тоа да го кажеш.
>
> Машко, 23 години

## Квантитативна анализа

Во однос на ангажираноста на младите во нивната локална заедница, од спроведените теренски анкети се забележува низок степен на вклученост во општествените текови. Само мал дел 12.5% од испитаниците индивидуално или во група работеле на решавање на некаков проблем во нивната општина во изминатите 12 месеци. Огромни 75.7% од испитаниците, пак никогаш досега не го сториле тоа. (графикон 12)

## Дали некогаш си работел/а индивидуално, со друг или во група за да решиш/те некој проблем во твојата општина?

графикон 12




Запрашани за задоволството од нивниот живот во општината, 42.8% од испитаниците одговориле дека делумно се задоволни, додека пак секој четврти млад испитаник 25.0% е многу задоволен од општината. (графикон 13)




Во однос на двете работи кои им се допаѓаат најмногу во Центар, младите одговараат дека сите места за дружење и забава во општината (21.7%) и можностите кои ги имаат младите (17.1%), се најдобрите работи за нив. (графикон 14)



За разлика од работите кои им се допаѓаат, двете работи кои сметаат дека треба да се подобрат се нивото на хигиена 31.6% од случаите и зголемување на зелените површини во 21.7% од случаите. (графикон 15)




33.6% од испитаниците сметаат дека најголем проблем во општината Центар е загаденоста на животната средина. Понатаму, 27.0% од испитаниците како најголем проблем ја наведуваат лошата инфраструктура во општината, а пак за 12.5% од испитаниците тоа е насилството и криминалот. (графикон 16)

## Кој е најголемиот проблем во твојата општина?



Висок е процентот на испитаници кои сметаат дека лично тие не можат да направат нешто за да ги подобрат проблемите во нивната локална заедница (44.1%). Веднаш по нив, 30.9% од испитаниците сметаат дека тие лично можат да направат многу малку.

Размислувајќи за проблемите во твојата општина, колку сметаш дека ТИ лично можеш да промениш, односно да направиш нешто за да ги решиш?




графикон 17

Најмладите 15-19години со 49.1% и највозрасните 25-29години со 40.0% сметаат дека не можат да направат ништо за да ги решат проблемите во општината. Испитаниците 20-24години со 42.9% од случаите сметаат дека малку можат да направат за да ги решат проблемите.

графикон 17.2



Од друга страна пак, младите се поделени дека подобрувањето на општеството е работа на политичарите или на други 49.3% и дека тие имаат лична одговорност да се ангажираат и да направат нешто со цел да го подобрат општеството 50.0%. (графикон 18)




Според мислењето на мнозинството од младите испитаници, најдобар начин да се вклучат младите во општествените текови е преку социјалните мрежи (53.9%). Следни се оние кои сметаат дека најдобар начин за вклучување е преку организирани јавни настани 22.4%. (графикон 19)

Кој е најдобриот начин да ги вклучиш младите во твојата општина во општествените текови?




Најдобар начин за вклучувањето на младите во општествените текови според највозрасните испитаници 25-29години е преку организирани јавни настани со 40.0%. За разлика од нив оние од 15-19години со 28.3% и 20-24години со 33.9% сметаат дека најдобар начин е преку граѓанска организација. (графикон 19.2)

графикон 19.2




Младите од Центар во најголем во однос на иселување во најголем дел одговориле дека не би се отселиле. Имено 60.5% веројатно не би се иселиле од општината, а 15.5% веројатно би се иселиле од општината. (графикон 20)
Доколку би имале можност за отселување, младите преферираат друга општина 60.5% повеќе отколку отселување надвор од државата 39.5%. (графикон 21)

графикон 20




## Доколку се отселиш од твојата општина, каде би се преселил?

графикон 21



# Младински политики и застапување



Општина Центар — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Темата младинска политика младите од Центар ја познаваат делумно. Имено за поголемиот дел од нив овој термин означува вклучување на младите во процесот на одлучување и донесување на одлуки кои ги засегаат и младите и повозрасните. Помал дел од учесниците сметаат дека е потребна стратегија преку која ќе се адресираат проблемите на младите и на овој начин ќе се придонесе за подобрување на условите за живот на младите. Важен аспект за дел од младите на ова поле е и перцепцијата на младите дека според актуелната ситуација единствениот “глас” на младите во моментов се подмладоците на политичките партии. Во однос на нивната запознаеност околу законот за младинско учество и младински политики, само двајца од учесниците имаат слушнато дека постои ваков закон.

> Под младинска политика подразбирам кога број млади ќе се вклучат активно во создавање на некакви промени. Има многу примери, но зависи од младите.

Женско, 25 години

## Квантитативна анализа

Резултатите од теренските анкети исто така покажуваат дека голем процент од младите не знаат што е поимот младинска политика (65.8%). Од оние пак кои одговориле дека знаат што е младинска политика само 12.2% навеле пример кој е поврзан со оваа тема.




графикон 22

Исто така висок е процентот на млади коишто сметаат дека воопшто не се вклучени во носењето на одлуки во нивната локална заедница (69.7%). За разлика од нив 21.1% од испитаниците сметаат дека донекаде се вклучени во носењето на одлуки.

графикон 23




Од испитаниците коишто сметаат дека не се вклучени во носењето на одлуки во нивната локална заедница, половина од испитаниците како причина ја навдуваат личната незаинтересираност (51.8%) и непостоењето на механизам за соработка помеѓу граѓаните и општината (26.4%).

## Поради што не сте вклучени?




графикон 24

Негативни се резултатите и во однос на вклученоста на младите во подготовката на програмата и буџетот на општината Центар т.е. 94.1% од испитаниците сметаат дека воопшто не се вклучени во подготовката на програма и распределбата на буџетот на општината. (графикон 25)

## Дали некогаш си учествувал/а во подготовка на програма или буџет за млади во рамки на твојата општина?

графикон 25




Следствено на претходното прашање, 77.6% од испитаниците воопшто не се запознаени со работата на локалните власти и распределбата на буџетот.




графикон 26

Согласно одговорите од младите од општина Центар, може да се каже дека тие не се запознаени дека постои Закон за младинско учество и младински политики во 74.3% од случаите. (графикон 27)




графикон 27

На прашањето "Дали во твојата општина има формирано совет за млади, согласно Законот за младинско учество и младински политики", големо мнозинство од младите (79.6%) рекле дека не се информирани дали постои вакво тело.

графикон 28




Слично како и на претходното прашање, 83.6% од младите не се информирани дали општината има одвоено буџет за млади за тековната 2022 година.

Дали согласно Законот за младинско учество и младински политики општината има одвоено буџет за млади за тековната 2022 година?

графикон 29



# Предизвици на младите



Општина Центар — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Младите од Центар воглавно имаат повеќе забелешки отколку позитивни работи за издвојување на темата предизвици на младите.

Како позитивен пример дел од младите го спомнуваат просторот МладиХаб каде се одржуваат настани со млади луѓе и се реализираат иницијативи исто така од млади луѓе. Негативен пример за дел од младите и на кој треба да се посвети внимание е зголемување на сообраќајната култура каде главен проблем се несовесните возачи кои паркираат на несоодветни места и негативно влијаат на непречено движење на пешаците. За поголемиот дел од младите важен аспект се и можностите за вработување на младите и процесот на кариерно насочување, како и можноста за вработување согласно нивното образование. Сепак најважни предизвици, а воедно и потреби на младите во Центар се зголемување на зелените површини, велосипедска патека ширум целата општина за непрекинато движење на велосипедистите, повеќе пешачки зони наместо кафулиња кои според младите ги има во огромен број бидејќи станува збор за централно градско подрачје и изградба на нови спортски игралишта наменети за млади.

Мислам дека треба да има повеќе зелени површини, велосипедски патеки и пешачки премини. Исто така потребно е и некое катче за креативно изразување, некаде каде што ќе се изложуваат културните настани кои ќе се случуваат

Женско, 28 години

## Квантитативна анализа

При теренското истражување на темата за издвојување на приоритете, главните наоди се во продолжение.

Два најголеми приоритети за вработување, според младите во Центар се партизираноста и непотизмот 33.9% и недостатокот на работни места 26.6%. (графикон 30)




Од областа на инфраструктурата. Според младите испитаници 31.9% ја наведуваат пренаселеноста во општината, а со нешто помал процент 24.3% се издвојува и небезбедноста во сообраќајот. (графикон 31)




Кај животната околина според младите двата приоритети се отпадот и загаденоста на јавни површини 28.6% и немањето свест и лична одговорност за заштита на животната средина 24.0%. (графикон 32)



графикон 32

Како два клучни приоритети за младинско учество според испитаниците од општина Центар произлегуваат немање информации за можности 31.4% како и невклученост и недостаток на консултација со младите во работата на општината/локалната власт 21.6%.



графикон 33

За младите во областа култура и спорт најприоритетни се непостоење на културен центар 40.9% и непостоењето на културни манифестации за млади 40.3%.




графикон 34

# Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади



Општина Центар — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Младите кои учествуваа на фокус групата не се запознаени дали општината досега поддржала некаков проект или иницијатива од страна на млади луѓе. Никој од учесниците не учествувал во креирање на буџет или програма за млади. Најголем дел од младите не знаат дали општината има одвоено пари во рамки на општинскиот буџет кои се наменети за младите. Од оние кои се запознаени, согласно информациите кои ги имаат знаат дека во општината има младински центар кој е во функција, како и дека во општината постои програма во која се вклучуваат младите, но дека буџетот за млади сеуште не е конкретно насочен кон проекти.

> Младински буџет во младинските политики треба да има секоја општина, ама општина Центар, барем јас колку што сум запознаена нема сеуште одвоено пари за фондот на млади.

Женско, 27 години

## Квантитивна анализа

Кога станува збор за иницијативи кои произлегуваат од млади луѓе кои доаѓаат од општината, како и идеи и конкретни проекти, младите од Центар ги даваат следните одговори.

Половина од младите сметаат дека општината е отворена за иницијативи од млади луѓе во 52.6% од случаите додека 20.4% одговориле дека општината не е отворена за ваква иницијатива.

графикон 35

Дали сметаш дека општината во која живееш е отворена за иницијативи кои доаѓаат од млади луѓе?



Искуството на студентите е подобро од она на средношколците за отвореноста на општината за малди луѓе. Имено нешто повеќе од половина од студентите 52.4% сметаат дека општината е отворена. За разлика од нив, 69.4% од средношколците го имаат спротивниот став, односно дека општината не е отворена за иницијативи кои доаѓаат од млади луѓе.




графикон 35.2

Слична е ситуацијата како и на претходното прашање дали сметаат дека општината финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе. Имено 48.0% рекле дека општината ќе поддржи ваква иницијатива, а 13.8% пак одговориле дека општината финансиски не би поддржала иницијатива од млади луѓе.

графикон 36



# Младите во време на Ковид 19 пандемија



Општина Центар — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Младите од Центар, во време на Ковид 19 пандемијата, најголем акцент ставаат на образовниот процес. Нивните коментари се во насока на квалитетот на целиот овој процес. Најголемиот дел од младите сметаат дека квалитетот на образованието од почетокот на пандемијата останал непроменет. Помалиот дел кои сметаат дека има некаква промена се поделени во ставовите. Оние кои сметаат дека квалитетот опаднал, главно имаат забелешки на изгубената интеракција и релацијата професор-студент, додека пак како главни позитивни аспекти со следењето на онлајн настава се издвојуваат, повеќе слободно време кое младите го искористиле за посетување на практична настава и курсеви, а дел од нив благодарение на практичната настава успеале и да се вработат.

> Негативниот дел од целата пандемија според мене е тоа што, барем јас лично покомотно се осеќам доколку физички присуствувам на предавањата, повеќе разбирам и доколку имам некое прашање/нејаснотија можам лесно да добијам одговор. Посериозно ги слушам предавањата така. А позитивно е тоа што ми беше многу полесно да ги полагам испитите онлајн, без притисокот кој би го имал таму

Машко, 21 години

## Квантитивна анализа

Во време на светска пандемија предизвикана од вирусот Ковид 19, еве кои се ставовите на младите за нивната вклученост во оваа област.

89.5% од младите во Центар не се вклучиле лично во волонтерски акции за помош на ранливи категории на граѓани во време на Ковид 19 кризата. За разлика од нив 10.5% од младите се вклучиле во ваква акција.




графикон 37

За време на Ковид 19 кризата 10.5% од младите волонтираат поретко отколку претходно. Сепак најголем дел од младите 77.0% не волонтираат воопшто во време на пандемијата. (графикон 38)




Младите во најголем дел од случаите (48.0%) сметаат дека општината не презема чекори за подобрување на состојбата на младите за време на пандемијата (графикон 39). За разлика од нив 37.5% од младите пак сметаат дека општината преземала конкретни чекори во оваа насока.



графикон 39

Главни побарувања на младите од општина Центар во време на Ковид 19 кризата од општината се бесплатни можности за работилници/курсеви за развивање на вештини (28.9%), како и бесплатни можности за користење на дигитални алатаки (22.4%). (графикон 40)



# Демографски податоци за истражувањето во Центар




## Етничка припадност




## Возраст (категории)



## Последно завршено образование




## Занимање

